Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-79/2
04-01 2021 год.
Скопје

Врз основа на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Филозофски факултет - Скопје објавен во Универзитетски гласник бр. 436-анекс, 15 јануари 2020 година, член 114 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/18) и член 64, т. 23 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463, 18.X 2019 год.), Деканот на Филозофскиот факултет во Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 05/2020**

**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА 1 (ЕДНО) ЛИЦЕ ВРАБОТЕНО ВО СТРУЧНАТА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА НА ФАКУЛТЕТОТ**

Филозофскиот факултет во Скопје објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (едно) лице вработено во стручната и административна служба на Факултетот за следното работно место:

**1. Раководител на Одделението за правни и општи работи со шифра ОБН 01 02 БО4 001 во Одделението за правни и општи работи -1 извршител**

Посебни услови за работното место:

- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен.
- најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

Посебни работни компетенции:

-познавање на странски јазик (најмалку еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

-положен испит за административно управување.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место.

На интерниот оглас може да се јави лице вработено на Филозофскиот факултет во Скопје, кое ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје-Филозофски факултет Скопје објавен во Универзитетски гласник бр. 436-анекс, 15 јануари 2020 година, при ова лицето треба да ги исполнува и следните услови:

- да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираното вработено лице на Факултетот, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Факултетот до Одделението за правни и општи работи на Факултетот.

Кон пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да достават и изјава со која потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, или не ги достави сите потребни документи ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на Филозофскиот факултет во Скопје.

ДЕКАН
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев